# МРЕЖА 23+

## ПОВИК ЗА ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Проектот го финансира Европската Унија

# 1. ЗА ПРОЕКТОТ МРЕЖА 23+

Оваа грантова шема е дел од Проектот „Мрежа 23+“ кој го спроведуваат Институтот за европска политика - Скопје и Хелсиншкиот комитет на Република Македонија во рамките на Програмата на ЕК ИПА за поддршка на граѓанското општество (грант ИПА – 2015/372-126).

Главната цел на проектот „Мрежа 23+“ е структуран придонес за вградување на принципот на владеењето на правото во Република Македонија, содржан во Поглавјето 23. Дополнително, проектот ќе придонесе за унапредување на капацитетите на граѓанските организации за истражување и застапување базирано врз докази и аргументи во областите покриени со Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права. Проектот предвидува грантова шема за граѓански организации активни во областа, со цел зголемено влијание врз процесот на носење одлуки, преку зајакнување и проширување на Мрежата

Мрежата 23 е основана со поддршка на истоимениот проект, спроведен во рамките на Програмата на ЕК за поддршка на граѓанското општество за 2013 година, во чии рамки , исто така, беше спроведена грантова шема за граѓански организации. Во Мрежа 23 членуваат 11 граѓански организации.[1].

Активностите на Проектот се поделени во три групи: *Вклучување, Наоди* и *Влијание*. Ќе бидат подготвени два извештаи во сенка за Поглавјето 23, два документи за јавна политика и месечни мониторинг извештаи. Активностите за застапување вклучуваат соработка со националните институции и одржување форуми за дискусија на јавни политики и конференција што се очекува да има пошироко влијание врз избраните учесници. Воедно, предвидена е презентација на главните наоди од извештаите во сенка во Брисел и консултации со Делегацијата на ЕУ и Директоратот за добрососедски односи и преговори за проширување. Посебен акцент ќе биде ставен на комуникациските активности со медиумите, вклучувајќи ги и социјалните медиуми, како и ангажирање на граѓаните во реформските процеси.

*Очекувани резултати од проектот Мрежа 23 +:*

- Зајакнати капацитетите на граѓанските организации истражување базирано на докази и аргументи, следење, евалуација, застапување и вмрежување во областите покриени со Поглавје 23;
- Придонес кон подобрување на партиципативниот модел на носење одлуки преку подготовка на извештаи во сенка и препораки за областите покриени со Поглавјето 23;
- Зголемен ангажман на граѓаните во процесот на реформите во областа на правосудството и основните права, преку активностите на граѓанските организации.

[1] Мрежата 23 е мрежа на 11 граѓански организации, основана во јули 2015 година. Мрежата настојува да се поттикне јавната дебата во Република Македонија за прашањата од областа на правосудството и на темелните права, покриени со Поглавјето 23 од пристапувањето во ЕУ, да се обезбеди влијание врз јавните власти и пошироката јавност, врз основа на истражување и на застапување базирано врз докази и аргументи, како и да се овозможи граѓаните да имаат свој збор во клучните прашања на демократијата и владеењето на правото. Членки на Мрежата се: Здружение за еднакви можности „Еднаков пристап“ – Скопје; Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија на Република Македонија – Велес; Здружение „НОВУС“ – Струмица;Здружение „Плоштад Слобода“ – здружение за активизам теорија и уметност – Скопје; Институт за европска политика; Институт за човекови права; Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“; Коалиција „Сите за правично судење“; НВО Инфоцентар – Скопје; Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија; Центар за стратегии и развој „ПАКТИС“ – Прилеп.

# 2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПОВИКОТ

Грантовата шема има вкупен фонд од ***4.786.744*** денари, додека пак максималниот износ по поединечен грант е ***614.000*** денари. Повикот е отворен за граѓански организации активни на локално и национално ниво, при што во грантовата шема ќе бидат вклучени најмалку ***8 граѓански организации***. Предлог-проектите треба да бидат во времетраење од ***15 месеци***.

***Право на учество на повикот имаат граѓански организации кои:***

- се регистрирани во Република Македонија како здруженија или форми на нивно здружување согласно Законот за здруженија и фондации;
- се основани најмалку една година пред датумот на објавување на овој повик;
- имаат спроведено активности во областа на демократијата и владеењето на правото (специфичен фокус на Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права ќе се смета за предност);
- имаат организациски капацитет.

Како вкрстени прашања, посебно ќе се земат предвид: врската со локалната заедница, меѓуетничкиот пристап и пристапот на еднакви можности.

На повикот не можат да учествуваат организации кои се корисници на грант (beneficiary), од Делегацијата на Европската Унија, ниту како координатор, ниту како партнер, во рамките на Програмата на ИПА за поддршка на граѓанското општество и медиумите за 2014 година (IPA CSF Civil Society and Media Programme 2014) - повик EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK.

# 3. СОДРЖИНА НА ПОВИКОТ

Грантовата шема во рамките на проектот „Мрежа 23+“ е тематски ориентирана и се фокусира на клучните аспекти од Поглавјето 23 - Правосудство и темелни права. Како основа за идентификување на темите се земени **Итните реформски приритети на Европската комисија**, наодите од **Извештајот на Европската комисија за Македонија во 2015 година** (*Политички критериуми - Демократија* и *Владеење на правото, Човекови права и заштита на малцинствата* и *Поглавје 23 - Правосудство и темелни права*), како и **Стратегијата за проширување** во делот *Владеење на правото*.

Приоритетни се следниве теми:

## *I. Правосудство*

- Избор и унапредување на судии и јавни обвинители според систем заснован на заслуги;
- Непристрасен механизам за спроведување дисциплински постапки и постапки за разрешување на судии и јавни обвинители;
- Финансирање и управувањето на судската власт на начин што обезбедува независност;
- Функционална автономија, интегритет и транспарентност на независните тела во правосудството;
- Компетентност и непристрасност на правосудните тела;
- Подобрување на квалитетот на судските пресуди;

- Фер и правична судска постапка;
- Извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права;
- Обезбедување на подобар пристап до правда, вклучително унапредување на системот на бесплатна правна помош;
- Објавување на судските одлуки;
- Воспоставување и почитување на конзистентна судска пракса.

### *II. Борба против корупција*

- Следење на случаите на корупција на високо ниво;
- Спроведување на Законот за укажувачи.

### *III. Темелни права*

- Почитување и заштита на правото на приватност и строги ограничувања на следењето на комуникации;
- Промоција на слободата на изразување, вклучително плурализам на медиуми;
- Почитување на принципот на презумпција на невиност;
- Изрекување на мерката притвор во согласност со домашното законодавство и меѓународните стандарди;
- Превенција и спречување на тортура, нехумано и понижувачко постапување;
- Правично одмерување на казните за сторителите на кривични дела;
- Примена на системот на алтернативни санкции;
- Почитување на процедуралните права на слобода и безбедност во судската постапка и правото на фер и правично судење;
- Унапредување на заштитата на личните податоци;
- Мерки за борба против дискриминацијата и интеграција на ранливите групи;
- Промовирање на професионализам во работата на адвокатите.

Во предлог-проектите се поттикнуваат анализи за тестирање на одредена јавна политика, фокусирани на одредени случаи од практиката; анализи на јавна политика согласно методологијата за следење и евалуација[2]; анализи кои се однесуваат на споредба и примена на одредени меѓународни стандарди и стандарди на ЕУ; извештаи од редовно следење на спроведувањето на одредени политики; активности за застапување и вклучување на граѓаните во релевантните процеси; истражување за јавна перцепција по одредена политика; иновативни форми на истражување, базирани на податоци добиени од терен. Предлог-проектите може да се однесуваат на структурирано следење на функционирањето на независните тела кои дејствуваат во областите на правосудството, борбата против корупцијата и темелните права, како и судовите и другите правосудни институции. Воедно, проектите може да предвидуваат и структурирано набљудување на судски постапки.

Конечните резултати од спроведениот проект треба да бидат презентирани и објавени во форма на документи за јавна политика, а ќе бидат поставени и на базата на податоци МЕРЦ (Македонија – ЕУ Ресурсен центар за Поглавје 23).

---

[2] Методологијата за мониторинг и евалуација на јавните политики од Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права од законодавството на Европската Унија, изработена во рамките на проектот „Мрежа 23“, е достапна на: http://www.epi.org.mk/docs/Metodologija_mk.pdf.

Ставките во буџет мора да се поставени во функција на реализација на предвидените активности. Образецот за предлог-буџет ги содржи ставките кои можат да бидат финансирани во рамките на грантовата шема (eligible costs). Трошоците за ДДВ не се признаваат. Организациите со кои ќе биде склучен договор можат да спроведат постапка за ослободување од ДДВ по основ на странска донација во Секретаријатот за европски прашања, во соработка со спроведувачот.

Предлог-проектите треба да бидат во времетраење од 15 месеци, додека пак документите за јавна политика треба да бидат изготвени 12-тиот месец од спроведување на проектот (февруари 2017 година).

# 4. ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА

Апликантите треба да доставaт:

- пополнет Образец за пријавување (Прилог 1);
- пополнет Предлог-буџет во ексел формат (Прилог 2);
- тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија, не постара од шест месеци;
- резиме на членовите на тимот.

Објаснувањата за пополнување на Образецот за пријавување и на Предлог–буџетот се дадени во самите обрасци.

Апликациониот пакет се доставува **само по електронски пат** на адресата: network23@epi.org.mk.

Рокот за доставување е **20.04.2016 година**.

Проектниот тим со електронска порака ќе го потврди приемот на апликацијата.

# 4. ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА

Институтот за европска политика и Хелсиншкиот комитет за човекови права ќе организираат информативна сесија за заинтересираните кандидати за овој повик. Сесијата ќе се одржи во просториите на Институтот за европска политика, на 4 април 2016 година, со почеток во 12.00 часот. Институтот за европска политика се наоѓа на ул. „Антоние Грубишиќ“ 2/2 (мапа). Ве молиме вашето присуство задолжително да го најавите на: network23@epi.org.mk или на телефонскиот број 02 3 280 110, најдоцна до 1 април 2016 година. По одржувањето на сесијата, партнерските организации ќе објават Q&A на нивните интернет страници.

Патните трошоци за автобуски превоз на оние што ќе дојдат до Скопје ќе бидат покриени во висина на повратен автобуски билет со доставување на билетот и фискална сметка. Доколку доаѓате со сопствено возило трошоците ќе ви бидат покриени во висина на повратен автобуски билет со приложена сметка за гориво.

# 5. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Евалуацијата ќе се спроведе според следната методологија:

| | | |
|---|---|---|
| | ДА | НЕ |
| **АДМИНИСТРАТИВНА ПРОВЕРКА (прва фаза)** | | |
| Апликацијата е доставена во рамки на временскиот рок објавен во Повикот (15.04.2016 година). | | |
| Апликацијата е уредна и ги содржи сите прилози објавени во повикот (Прилог 1 - Образец за пријавување, Прилог 2 – Буџет, тековна состојба, резиме на членовите на тимот). | | |
| Организацијата ги исполнува формалните услови за учество во повикот (основана е и регистрирана во Република Македонија согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации најмалку една година пред датумот на објавување на овој повик). | | |
| Доколку **сите претходни одговори се ДА:** | | |
| **ОДЛУКА:** Одборот за евалуација ја спроведе административната постапка и предложи понатамошна евалуација на проектната апликација. | | |
| **ЕВАЛУАЦИЈА НА ЦЕЛОСНАТА АПЛИКАЦИЈА (втора фаза)** | ВКУПНО | ДОДЕЛЕНИ |
| Евалуација на Образецот за пријавување | 75 бода | |
| - Предложениот проект обезбедува меѓусебна конзистентност. Поврзаноста помеѓу целта, резултатите и предложените активности е видлива и јасна. | 15 бода | |
| - Проблемот е успешно и прецизно поставен. Целта на проектот е прецизно поставена и одговара на целите на проектот „Мрежа 23+“. | 10 бода | |
| - Активностите се прецизно и успешно поставени и одговараат на временската рамка. | 15 бода | |
| - Буџетот е реално поставен и одговара на предложените активности. Почитувани се принципите на солидно финансиско работење. | 10 бода | |
| - Пристапот на проектот е заснован на застапување и вклучување на граѓаните во политичките процеси. | 10 бода | |
| - Организацијата има соодветен организациски и финансиски капацитет. | 5 бода | |
| - Организацијата има досие на успешност во реализирање на проекти во областа на правосудството и темелните права. | 5 бода | |
| - Мултиетнички пристап, врска со локална заедница, еднакви можности и сл. | 5 бода | |
| **ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТ (трета фаза)** | ДА | НЕ |
| Одборот за евалуација има потреба од доставување дополнителни информации од страна на граѓанската организација. | | |
| Одборот по спроведената евалуација донесе предлог-одлука за доделување грант и ја достави до Проектниот совет што е надлежен за конечен избор на грантистите. | | |

Врз основа на спроведената постапка, Одборот за евалуација ќе подготви листа на рангирани проекти, вклучувајќи и резервна листа. Највисоко рангираните организации-потенцијални грантисти ќе бидат повикани на поединечни состаноци за понатамошно дискутирање и усогласување на преложениот проект и буџет. Пријавените организации ќе бидат известени по електронски пат за конечните резултати, а листата на избрани организации ќе биде објавена на веб страната epi.org.mk и merc.org.mk.

# 6. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГРАНТОВИТЕ

Институтот за европска политика и грантистите ќе потпишат договор со кој се дефинираат меѓусебните права и обврски, како и начинот на спроведување и исплата на добиениот грант. Во текот на спроведувањето на проектот, избраните граѓански организации се обврзуваат до Институтот за европска политика да доставуваат квартални наративни и финансиски извештаи на секои три месеци од спроведувањето на грантовата шема, најдоцна петтиот ден од наредниот месец. По завршувањето на проектите, во рок од 30 дена грантистите ќе достават и конечни наративни и финансиски извештаи. За таа цел, на грантистите ќе им бидат доставени упатства и обрасци за подготовка на наративните и финансиските извештаи. Исплатата на грантовите ќе се врши на следниов начин:

- прва рата – 50% од целосниот грант 15 дена по потпишувањето на договорите;

- втора рата – 30% по одобрување на третиот квартален наративен и финансиски извештај;

- трета рата – 20% по одобрување на конечниот наративен и финансиски извештај.

При исплатата на ратите од грантовите ќе се земе предвид и динамиката на спроведувањето на проектните активности и буџетот.

Институтот за европска политика и Хелсиншкиот комитет за човекови права ќе обезбедат менторство на избраните организации. Партнерските организации ќе одредат ментори за секој проект што ќе го следи спроведувањето на проектите и соодветна поддршка. Предвидено е и одржување на менторски сесии и мониторинг посети. Избраните организации ќе добијат насоки за спроведување на проектите и насоки за обезбедување видливост на активностите. За таа цел, ќе бидат одржани работилници за дополнително зајакнување на нивните капацитети за следење и евалуација, при што ќе бидат разменети најдобрите практики и ќе се применува peer-to-peer пристап:

- првата работилница ќе биде посветена на принципите за административно и финансиско управување со проекти финансирани од Европската Унија (мај 2016 година);
- втората работилница ќе биде за областа темелни права (август 2016 година);
- третата работилница ќе се однесува на областа правосудство (септември 2016 година);
- четвртата ќе биде посветена на областа борба против корупција (октомври 2016 година);
- петтата работилница ќе се однесува на подготовка на документи за јавна политика (во текот на 2017 година);
- шестата работилница ќе биде фокусирана на комуникациски вештини (во текот на 2017 година);
- регионална работилница за вградување на најдобрите ЕУ практики (во текот на 2017 година).

Работилниците и според содржината и според временскиот распоред се усогласени со динамиката на спроведување на проектите и прилагодени на потребите на граѓанските организации во секоја фаза од проектниот циклус. Учеството во работилниците е од задолжителен карактер за сите грантисти.